13162

ВЕЧЕР, Скопје, 30.V.1970

АКЦИЈА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ — МЕЦЕНИ

- **МСУ СЕ ОБРАТИ ДО ПОВЕЌЕ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СО МОЛБА МАТЕРИЈАЛНО ДА ГО ПОМОГНАТ**
- **СТРУЧНИ УСЛУГИ ЗА ОНИЕ ШТО ЌЕ ОДВОЈАТ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ НА МУЗЕЈСКАТА ЗБИРКА**

**Ако успее последната акција на Музејот на современата уметност во Скопје тогаш ќе бидеме сведоци на тесната соработка меѓу оваа установа и стопанството. Конечно ќе можеме и да одбележиме дека дамнешната желба, посилните стопански организации да станат мецени на културата, е остварена.**

### СЕ БАРА ПОМОШ

Овде се работи за конкретна материјална помош. МСУ се обрати до дваесетина стопански организации од Скопје и Републиката со барање материјално да го помогнат Музејот.

Во опширното писмо пишува: **„Основната цел и задача на овој Музеј е поддржување и најдоследно претставување на современото македонско ликовно творештво. За да ја реализира таа цел оваа установа мора да вложува огромни напори и средства. Општествената заедница и покрај сето разбирање што го има за ова прашање, не е во состојба, преку вообичаените извори и начини, да обезбеди една задоволувачка материјална основа за вакви напори на Музејот“.**

Особено се ограничени можностите во откуп на најквалитетни дела од современите македонски уметници. Ова прашање особено се наметнува при отворањето на новата зграда и вклучувањето на дела од наши творци во колекцијата на Музејот. Таа содржи многу дела од најпознати современи југословенски и странски уметници, со што претставува една репрезентативна целина за цела Југоисточна Европа. Македонската уметност има остварувања со кои може достоинствено да се најде заедно со вакви дела, зашто нејзиниот развој е во полн расцут и таа доживува бројни успеси во земјата и во странство.

„Бидејќи не сме во состојба од редовните извори да обезбедиме средства за таква одговорна задача — се вели понатаму во писмото, а особено не во моментот на отворањето на новата зграда и на нејзината колекција, ние сметаме оти можеме да очекуваме на ваше разбирање и соработка. Таква практика, впрочем, за здружено делување меѓу стопанството и културата е логика на сегашноста и натамошниот развој на нашето општество, на сите негови области. **Тоа ќе значи сообразување на културното делување со можностите на стопанството, со потребите, желбите и можностите на работниот човек. Ние според тоа ви се обраќаме со молба за одвојување средства што нашата установа би ги користела за стимулирање на македонското ликовно творештво, особено со откуп на квалитетни творби“.**

### ШТО НУДИ МСУ

Музејот на оние што ќе го помогнат им нуди реванш во рамките на неговите можности. Ќе настојува преку сите видови на средства за масовно информирање да го истакне придонесот, а ќе подготви и специјална публикација со имињата на дарителите. Покрај тоа тој нуди и други услуги. Неговите стручњаци би работеле на обликување на колекциите во стопанските организации, а на секој 1.000 н. динари придонес ќе издава 10 бесплатни билети за целогодишна посета на неговата постојана колекција и повремените изложби.

Бидејќи новата музејска зграда ќе биде наменета и за Уметнички приредби, дарителите ќе бидат снабдени и со билети со смалена цена за овие настани. Предвидено е и бесплатно и стручно водство на изложбите за членовите на колективот — дарител.

**Музејот на современата уметност во Скопје моментно располага со збирка од 2.000 уметнички творби — подароци од целиот свет и нивната вредност се цени на стотици милиони стари динари. Новата музејска зграда, што се довршува на „Кале“, според сегашниот план, ќе биде готова во втората половина на оваа година и тогаш дури целосно ќе биде прикажана колекцијата на Музејот.** Во исто време МСУ ќе ја прошири и својата активност преку прикажување на уметнички филмови, филмови за ликовната уметност, архитектурата, за модерно изработените индустриски производи. Тоа ќе организира и вечери на современата музика, поезијата и предавања за одредени уметности.

Б. Петровски